



# Зуфа

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
ПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА
И НАРОДЕН МУЗЕЈ
92 000 ШТИП МАКЕДОНИЈА

INSTITUTE FOR PRESERVING
CULTURAL MONUMENTS
AND NATIONAL MUSEUM
92 000 STIP MACEDONIA

МЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - БЕЗИСТЕН
ART GALLERY - BEZISTEN

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА
И НАРОДЕН МУЗЕЈ
92 000 ШТИП МАКЕДОНИЈА

INSTITUTE FOR PRESERVING
CULTURAL MONUMENTS
AND NATIONAL MUSEUM
92 000 STIP MACEDONIA

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - БЕЗИСТЕН
ART GALLERY - BEZISTEN



ПАВЛЕ ЃОРГИЕВСКИ ЗУФА
/ликовно - графички уредил/

Текстот за творештвото
ЉУБЕН ПАУНОВСКИ

Превод на англиски
ЛИЛЈАНА АТАНАСКОВА

Коректор
ТРАЈАН МАРТИНОСКИ
писател

Комесар на изложбата
Ак. сликар Т. КРМОВ

Фото
М. КУЗМАН
ЗОРАН – РОКО
Р. ШАПКАР

Организатор
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА
И НАРОДЕН МУЗЕЈ – ШТИП
ГАЛЕРИЈА БЕЗИСТЕН

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ
CITY MUSEUM OF SKOPJE

# Зуфа

**ЧЕТИРИЕСЕТ ГОДИНИ ТВОРЕШТВО**

***ПАВЛЕ ЃОРГИЕВСКИ ЗУФА***

***PAVLE ĐORGIEVSKI ZUFA***

**ČETIRIESET GODINI TVOREŠTVO**

# Zufa

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ**

# ПАВЛЕ ЃОРГИЕВСКИ
# ЗУФА

---

**LJUBEN PAUNOVSKI**

# PAVLE ĐORGIEVSKI
# ZUFA

Естетските критериуми на критиката за македонската модерна уметност сѐ што наликуваше на историски архивираните стилови, најблаго речено, рамнодушно го одминуваа. Небаре ренесансните, романтичарските, импресионистичките, реалистичките, растреперено барокните чувствувања човекот ги погреба со епохите во кои најсилно блескотеа. Се зависи од мајсторот а не од стилот... Човекот се раѓа сред машини, електроника и совршени вештачки сонца, но и натаму само од истата утроба и се уште со психотелесни треперења и духовни и интелектуални љубопитства... Животниот центар е на едно место, и во тоа вечно кружно движење опрашено и оплодено од барокно-спирални струи настанува прочистување и кристализација... Што е целата ренесанса наспроти осамениот сликар во Курбиново, во Нерези, во Охрид? Што му недостасува нему што ренесансната епидемија не била започната тука? Се појавила како светлосен отстрел во одбраниот сликар кој и го прикажа ликот... Прогонуваниот ген, раселуван, разединуван, одпоодамна почна да се прибира дома, во Охрид каде е родено најнеобичното македонско сликарство. Еден град - цела сликарска школа. Еден град недооден музеј, жива душа, духовна школа, лечилиште... Небаре над Охрид постојано е затегнат светлосниот лак за благословен отстрел - опоен, сино обоен зрак за толкување на сините треперења или модрите дамари...

Има преданија кои се паметат: некои места имаат чудесен карактер - небаре се живи, со чувство и разум. За нив се вели: или прифаќаат или те отфрлаат. Еден таков прифатен среќник - дојденец во Охрид во 1979 година е Павле Георгиевски - Зуфа.

До доаѓањето во Охрид сликарот е под целосно колористичко влијание на топлите земјени бои на овчеполието. Стилски минува под влијанието на Жорж Руо, сликајќи со слободни намази и густа паста, некаде на почетокот на седумдесеттите години. Потоа следува еден циклус што го најавува интересот за автентичната традиција од неговото поднебје низ везови и археолошки предмети преку кои сосема дискретно се најавува линеаризмот произлезен од пукнатините на “златната маска” или содржан во везовите. Во овој период Зуфа е максимално предаден и на дизајнерското обликување во угледниот текстилен комбинат “Астибо” од Штип - период на висококреативни решенија што

Aesthetic criteria of criticism of Macedonian modern arts, all that was like historic stored styles, speaking in the mildest tone, calmly passes by. As if renaissance, romantic, impressionistic, realistic, trembling baroque feelings, man had buried with the epochs during which they were vigorously shining. All depends on the master not the style.... A man is born among machines, electronics and perfect artificial suns, but nevertheless, from the same womb and still with psychophisical tremblings and spiritual and intelectual curiosities... Life centre is on one spot, and in that circular movement which is polinated and impregnated by baroque-spiral currents, purgation and crystalization appears ... What is the whole Reneissance against the lonely painter of Kurbinovo, Nerezi, Ohrid? Does he miss anything since reneissance epidemy did not start there? It appeared as a glittering shot in a chosen artist who expressed its face ... Persecuted gen, moved around, disunited, receintly started to return home, in Ohrid where the most unusual Macedonian painting was born. One town, a complete art school. One town, endless museum, living soul, spiritual soul, curative centre... As if above Ohrid, the light bow for blessed shot has been constantly drown, intoxicating blue painted ray to understand the blue twinklings or blue veins......

There are traditions that people remember: some places have wonderful character, as if they are alive with feelings and brains. They say about them: they either accept or reject you. Such an accepted lucky person - a newcomer to Ohrid, in 1979 is Pavle Georgievski - Zufa.

Just before his coming to Ohrid the painter is under complete colourful influence of the warm earth colours of the area of Ovche Pole. Speaking of style, he is influenced by George Ruho, painting with free spreadings and thick paste, somewhere in the begining of the seventies. Then another cyclus follows announcing the interest for authentic tradition of his region through embroideries and archeological things, through which in a very discrete way is announced the lyricism, coming out of the cracks of the "golden mask" or included in the embroideries. During this period of time Zufa is extremely devoted also to designing in a very respectable textile combine "Astibo" in Stip, a period of highly



сликарот ги приложи во доближувањето на производот до најистенчените вкусови.

Кон самиот крај на седумдесеттите години пука, се кине папочната врпца со тие сиви, кафеави, изгорено жолти и окерни бои, и робусните карти над Штип. Ита сликарот кон неоддоливиот повик на лирските пајажинести молњи од најнежни езерски струи, мозаични и ритмични елеганции од линии во Самоиловите ѕидини и во црковните фасади. Од спиралите на езерските школки, полжави и камења. Од ѕвездениот блесок на бисерите, од стариот чун што веќе го нема. Од македонскиот симбол - легенда и метафора за највисока етика кон чистотата и почитта кон животот што ја сторила охридската Билјана. Легендата за Билјана и нејзиното како цут бело платно доживеа една од најубавите скулпторски креации токму од сликарот Павле Георгиевски - Зуфа.

Тајната на сликарството на Зуфа е во мрежата - цртежот во нежно растреперената езерска површина во чии светлосни, лунарни повеќе отколку сончеви, прекршувања блескаат ѕвездени искри.



creative solutions that the artist enclosed in order to bring the goods closer to the most delicate tastes of the customers.

By the very end of the seventies, the umblical cord cracks and is cut with those grey, brown, burnt yellow and ocher colours, and robust clifs above Stip. The artist rushes towards the irrestible call of lyric web thunders of the most delicate lake currents, mozaic and rythmic elegances of lines in the Samoil's walls and church facades. From the spiral-shaped lake shells, snails and stones. From the star qlitter of pearls, from the old boat that is no more, of Macedonian symbol-legend and methaphore for the highest ethics towards the purity and respect, towards life that created Biljana from Ohrid. The legend of Biljana and her cloth, white like a flower, experienced one of the best sculptor's creations just by the artist Pavle Georgievski-Zufa.

The secret of Zufa's painting is in the net-the drawing in delicately twinkling lake surface in which shiny, more lunar than solar brakes, shine

Тој езерски бисерно-бароктен, тантелест цртеж, за навек е отиснат во зениците на уметникот. Се што ќе погледне, или замисли, е со превезот на тој мрежест флуид. Охридската легенда од доблесни преданија, настани, личности, природни и божји дарови, уметникот возбудено, сентиментално, гордо и секогаш восхитено ја сонува под напливот на пајажинестите молњи што блажено ги напаѓаат чувствата.

Тоа е барокно затекнат флуид во космички гради - и здив што раѓа души, живот. Божји ветришта што им носат млеч на сите Прличевци, Самоили, Билјани, Климент и Науми... Светлини и лековити води што танцуваат низ порите на црковните ѕидишта, боите во фреските, школките и камењата, светите книги, пастрмката и бисерот во кои како во бајка светкаат златните ѕвезди и одѕвонуваат во езерското огледало. Лебедите, сите леди, што уметникот ги претставува како преубави Амазонки со телесна убавина и сетилна нежност што може да го пеплоса копнежот. Драма на возвишена сентименталност, издигната до страстен копнеж. Нежно разбушавена струја низ сетилните, телесните и емоционалните коридори каде и насмевката и плачот значат среќа.

Раскошниот композициски зафат и духовниот слој имаат сложена драмска структура. Прецизните решенија во максимално исполнетата и жива слика се возможни во рацете на предаден мајстор на темата. Зуфа се зафаќа со сложени линеарни хирургии врз деталите. Постигнувајќи го нивниот природен лик, со чудотворна умешност ги престорува во чиста поезија натопена во благословена светлина. Со неа камењата, школките, бисерите, лебедите, фигурите и нежните билјанини драперии, блескаат во флуидни преточувања меѓу сината, сребреникавата, лилавата и бојата на телото. Целиот наративен материјален слој, па дури и во најдраматичните партии е лирски обвиен. Таков е “Лебедов дијалог”, чиста поезија и голема ода за љубовта. Такви се сликите со најсложена драмска структура, со истрајност и речиси побожна трпеливост на актерите во надприроден напор што е рамно на чудо: “Македон го носи времето”, “Чувари на древноста”, или велелепниот полиптих “Мементо за стариот охридски чун”, една блескава поема за македонскиот Ноев ковчег на драгоцености за човештвото. Во таа монументална драма на човечки ликови и фигури, на летечки коњи, пастрмки и бисери, два лика - маж и жена, често ја

starry sparkles. That lake-like, pearly-baroque lace-like drawing, is stamped for ever in the pupils of the artist. Everything he lookes at or thinks of is with the veil of that web-like fluid. The legend of Ohrid from virtuous traditions, happenings, persons, natural and divine presents, the artist excitingly, sentimentally, proudly and always delightfully dreams under the tide of the web thunders that mildly attack the feelings.

It happens to be baroque fluid in cosmic bosom - and breath that delivers souls, life. Devine winds that bring beebread to all 'Prlichevs, Samuils, Biljanas, Climent and Naums ... Lights and curative waters dancing through the pores of the church walls, colours of frescoes, shells and stones, holly books, the trout and the pearl in which as if in a fairy tale, the golden stars glitter echoeing in the lake mirror. The swans all of them ladies - that the artist represent like the most beautiful amazons with physical beauty and sensitive mildness that can turn the wish into ashes. Drama of high sentimentality, raised to passionate wish. Tenderly tangled current through the sensual, physical and emotional corridors where both smile and crying mean happiness.

The abundant compositional action and spiritual layer have a complex dramatic structure. Subtile solutions in greatly fulfilled and alive picture are possible in the hands of a master devoted to the theme. Zufa starts complex surgeries over the details. Reaching their natural appearance, with miraculous skill, he transformes them into pure poetry, sucked into blissful light. With this light the stones, shells, pearls, swans, the figurines and the subtile Biljana's draperies shine in fluid transformations among the blue, silverish, purple and the colour of the body. All that narative material layer, even in the most dramatic parts is lyrically veiled. Such is "The Swan's Dialogue" pure poetry and a great ode to love. Such are the pictures with a most complex structure, with pertinence and almost holy endurence of the actors in a supernatural effort that equals a miracle: "Macedon carring the Time", "Guards of the Antiquity" or the greatest polyptych "Memento for the old Ohrid boat", a dazzling poem for Macedonian Noah boat full with valuables for humanity. In that monumental drama of human characters and figurines of flying horses,

означуваат поентата на сликата. Тоа е животот што продолжува само со љубов. Аналогност во оваа мајсторска изведба ќе најдеме со некои елементи и детали на сликарството на Васко Ташковски, фигурите и физиономиите на Свето Манев и Димитрие Поповиќ. Зуфа своите актери ги гледа во нивната животна сила, во најчеститата и најдоблесната мисла, во нивната најсветла светост на идејата, а не во растојанијата на грч и болка. Ова е редок пример, наместо патетичност, трауматизирано, македонската ликовна историја да блеска достоинствено и возвишено. Со ваквото чувствување Зуфа е близок до мајсторите на средновековниот живот.

Зуфа и припаѓа на онаа појава што се дефинира како творечко бегство во она што веќе било, со што постигнува активен однос кон сопствената реалност. Бидејќи нашата, така да ја наречеме инфраструктура, сѐ уште изразито е посилна токму во духовната мрежа. Ова го потенцираме во смисла на пронајдениот за сликарот духовен авторитет, како прифатена вредност што го води, а тоа се културно-уметничките коти на охридскиот духовно-историски корпус, обвиен со еолската арабеска од драперијата на курбиновиот ангел и белата мрежа на езерската вода.

Тоа е стил на мислење кој ликовно е оформен и трае деценија и половина, и кој етапно доживува потребни прочистувања. И најновите дела од последниве две години ја следат оваа линија што е во знакот на принципите на постмодернизмот во енда типична класична сликарска постапка и нагласен реализам во деталите и обединетите фрагменти. Уметникот одново се зафаќа со монументални композиции како што е сликата “Кирило-Методиево слово”, што е во една сосема преносна смисла поттикната од Бројгеловиот пристап кон родословието и параболите од својата култура. Уште една слика од овој период по својата идеја и мисловниот концепт покажува дека уметникот во оформениот стилски јазик и во кругот на типичните елементи во неговото сликарство внесува битни теми за секое време. Таква е сликата “Љубов со благослов”, еден триптих што е инспириран од ренесансното сликарство. Концептот во овој триптих започнува со надсвесното управување со целокупното битие на човекот: љубовта во најчистата состојба која стигнувајќи во централниот дел на триптихот преоѓа во клучниот симбол, претставен преку

trouts and pearls two characters - a man and a woman, very often show the point of the picture. That is the life that continues only with love. Analogy in this masterly performance can be found with some elements and details of the painting of Vasko Tashkovski, the figurines and physiognomies of Sveto Manev and Dimitrie Popovic. Zufa sees his own actors in all their life strenght with the most honest and virtuous thought, in their shiniest divinity of the idea, but not in distances of spasm and pain. It is a very rare example, instead of pathetics, traumatized, Macedonian art history to shine with dignity and highness. With such sensitivity Zufa is close to the masters of the medieval age.

Zufa belongs to that occurence which is defined as creator's ascape into something that is already gone, which makes him achieve an active relation towards his own reality.
As our, let us call it infrastructure, is still expressively vigourous just in the net of spirit. We emphasize this in sense of discovered spiritual authority for the painter, as accepted value that leads him, and those are the cultural-artistic peaks of Ohrid psycho-historyic corpus, veiled with eol arabesque of draperies of the Angel of Kurbinovo and the white net of the lake water.

It is a style in thinking which is artistically completed and lasts for a decade and a half, and which, stage by stage, experiences the necessary purification. And the latest works from the last two years follow this line which is in the sign of the principles of the post-modernism in one typically classic artistic approach and stressed realism in the details and united fragments. The artist once again starts the monumental compositions like the painting "The Sermon of Cyril and Methody" which is in one completely figurative sense motivated by Broigel's approach towards genealogy and paraboles of his own culture. One more painting from this period which according to its idea and mental concept shows that the artist in his completed style of language and in the cyrcle of typical elements in his art, inputs essential themes for all times. Such is the painting "Love with Blessing" a triptych inspired by reneissance art. The concept of this triptych starts with a super conscious operation with



јајцето како нејзин плод. Во таа централна слика Зуфа го материјализира симболот на коцката како еден своевиден дом-куќа каде сè се случува: и љубовта и страста и семејството, и животот и смртта. Третата слика од овој триптих го заокружува концептот на нераскинливите меѓусебни врски и тежината на обврските меѓу творештвото – професијата, олицетворена во балерината, и тројството меѓу мајката, таткото и детето. Овој наративно предложен концепт е мотивиран од ставот на уметникот дека светот кон крајот на векот станува се попразен, се поочаен, и ова е обид да се одговори со живот, со љубов и со убавина.

Следејќи го ова сликарство, единствено по своето решение во македонската уметност, се доаѓа до заклучок дека сè што неповрзано влегло во уметникот - до неговото доаѓање во Охрид, како што е љубовта кон сликарството на Жерико и Дега, допирот со монументалните скици за фреските на Борко Лазески, блесокот на скапоценото и блескавото во дизајнот, светлосната магија на театарската сцена што е неговото искуство од работата во штипскиот театар, се активира откако го прима охридскиот опиум меѓу езерската вода и градот-музеј, но и блесокот на сините фрески под нежното пламенче на кандилото. Тоа го успокоило и го направило еден од најелегантните и најсуптилните сликари на охридската и македонската легенда.

Скопје, 12.о4.1996 — Љубен Пауноски




the whole human essences: love in its purest form, which reaching the central part of the triptych passes into the key symbol, represented by the egg as its offspring. In that central picture, Zufa materializes the symbol of the cube as an abvious home - house where everything happens: love and passion and family, life and death. The third picture completes the the concept of unbreakable interconnections and heaviness of duties among creativity, profession, materialized into a ballet-dancer, and trinity of mother, father and child. This narratively suggested concept is motivated by the artist's belief that the world, by the end of the century, becomes more and more empty and more and more desperate, and it is a try to responde with life, love and beauty.

Following this art of painting, unique in its solutions in Macedonian art, one can come to a conclussion that whatsoever entered uncoordinated in the artist before his coming to Ohrid, jusfas Gerico's and Dega's love towards painting is, the touch with the monumental sketches for frescoes of Borko Lazeski, the glow of the value and the glow in the design the glistening magic of theatre stage, activates as soon as it drinks the opium of Ohrid, between the water of the lake and the town-museum but also the radiance of blue frescoes under tiny flame of the icon lamp. All that has soothed and made him one of the most elegant and most subtile artist of Ohrid and Macedonian legend.

In Skopje April 12, 1996 Ljuben Paunoski

the whole human essences: love in its purest form, which reaching the central part of the triptych passes into the key symbol, represented by the egg as its offspring. In that central picture, Zufa materializes the symbol of the cube as an obvious home - house where everything happens: love and passion and family, life and death. The third picture completes the concept of unspeakable interconnections and interdependencies among creativity, profession, materialized in the ballet dancer, and the love of mother, sister and child. The narratively suggested concept is motivated by the artist's belief that the world, by the end of the century, becomes more and more empty and more and more desperate, and it is a try to respond with life, love and beauty.

Following this art of creating, unique in its solutions in Macedonian art, one can score the concept of as much as the artist's accentuated in the last before his coming to Ohrid, Zufa Cezanne's and Degas's love towards painting, the touch with the monumental, sketches for their colour Dobro Lazeski, the glow of the value and the glow in the design, the glittering magic of theatre stage, activates as soon as it drinks the opium of Ohrid, between the water of the lake and the town-museum but also the radiance of blue frescoes under tiny flame of the icon lamp. All that has soothed and made him one of the most elegant and most subtle artist of Ohrid and Macedonian legend.

In Skopje, August, 1995 [illegible]

















УШТЕ СЕ ТАМУ ПОКРАЈ БРЕГОТ
НАШИТЕ ДОБРИ ЛЕБЕДИ
ЗА НИВ ЉУБОВТА Е СВЕТА
НЕМА ЛАЖНИ ДАРОВИ
ПОСЛЕ ТОЛКУ МНОГУ ЛЕТА
СЀ СЕ ИСТИ ПАРОВИ.



## ПАВЛЕЃОРГИЕВСКИ - ЗУФА

РОДЕН 1932 ГОДИНА ВО СВЕТИ НИКОЛЕ, СЛИКАРСТВО ЗАВРШИЛ ВО 1953 ГОДИНА ВО СКОПЈЕ. ЧЛЕН Е НА ДЛУПУМ, ДЛУШ И ДЛУО.

НАГРАДИ:

ОСМОНОЕМВРИСКА НАГРАДА ЗА СЛИКАРСТВО И ДИЗАЈН, ВО ШТИП, СЕДМОНОЕМВРИСКА НАГРАДА ЗА СКУЛПТУРАТА "БИЛЈАНА СО ПЛАТНОТО" ВО ОХРИД.

МОНУМЕНТАЛНИ ДЕЛА:

МОЗАИК НА ЗГРАДАТА ОД МЕДИЦИНСКИОТ ЦЕНТАР "ПАНЧЕ КАРАЃОЗОВ" ВО ШТИП.

СКУЛПТУРА ВО БЕЛ БЕТОН, 4 М. ВИСИНА "БИЛЈАНА СО ПЛАТНОТО", ВО КРУГОТ НА "ОТЕКС" – ОХРИД

15 / ПЕТНАЕСЕТТА ИЗЛОЖБА

УЧЕСТВУВАЛ НА СИТЕ КОЛЕКТИВНИ ИЗЛОЖБИ НА ДЛУШ И ДЛУО

САМОСТОЈНО ИЗЛОЖУВАЛ ВО ШТИП, БИТОЛА, СВ. НИКОЛЕ, СКОПЈЕ, ОХРИД, КУМАНОВО ПРОБИШТИП И СТРАНСТВО.

СТУДИСКИ ПАТУВАЊА ЗА ДИЗАЈН ВО ГЕРМАНИЈА, ИТАЛИЈА И ФРАНЦИЈА.



## PAVLE GORGIEVSKI - ZUFA

RODEN 1932 GODINA VO SVETI NIKOLE, SLIKARSTVO ZAVRŠIL VO 1953 GODINA VO SKOPJE. ČLEN E NA DLUPUM, DLUŠ I DLUO.

NAGRADI:

OSMONOEMVRISKA NAGRADA ZA SLIKARSTVO I DIZAJN, VO ŠTIP, SEDMONOEMVRISKA NAGRADA ZA SKULPTURATA "BILJANA SO PLATNOTO" VO OHRID.

MONUMENTALNI DELA:

MOZAIK NA ZGRADATA OD MEDICINSKIOT CENTAR "PANČE KARAĐOZOV" VO ŠTIP.

SKULPTURA VO BEL BETON, 4 M. VISINA "BILJANA SO PLATNOTO", VO KRUGOT NA "OTEKS" – OHRID

15 / PETNAESETTA IZLOŽBA

UČESTVUVAL NA SITE KOLEKTIVNI IZLOŽBI NA DLUŠ I DLUO

SAMOSTOJNO IZLOŽUVAL VO ŠTIP, BITOLA, SV. NIKOLE, SKOPJE, OHRID, KUMANOVO, PROBIŠTIP I STRANSTVO.

STUDISKI PATUVANJA ZA DIZAJN VO GERMANIJA, ITALIJA I FRANCIJA.

92 000 Ш т и п
"В. Главинов" 27
Тел.: 092 41-050

96 000 О х р и д
"Б. Революција" (туристичка)
Ламела А влез 1 ст. 8
Тел.: 096 31-569



MS **METALSIVAS** Export - Import GmbH
Skopje R.Macedonia

MS **METALSIVAS** Export - Import GmbH
Frankfurt am Main
Wien
Moscow

Mm
Makmonting, d.o.o.
**Mak*monting* d o o**
Skopje R. Macedonia

Astibo **HOLDING AD**
Stip R. Macedonia

otex **HOLDING AD**
Ohrid R. Macedonia

BeAs-S design
Stip R. Macedonia

*АНР-М*
*Association New Projects*

Печати: АД "Коста Абраш" - Графопак - Охрид

ЧЕТИРИЕСЕТ ГОДИНИ ТВОРЕШТВО
# ПАВЛЕ ЃОРГИЕВСКИ ЗУФА



# PAVLE GORGIEVSKI ZUFA
ČETIRIESET GODINI TVOREŠTVO

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И НАРОДЕН МУЗЕЈ
92 000 ШТИП МАКЕДОНИЈА
INSTITUTE FOR PRESERVING CULTURAL MONUMENTS AND NATIONAL MUSEUM
92 000 STIP MACEDONIA
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И НАРОДЕН МУЗЕЈ
92 000 ШТИП МАКЕДОНИЈА
INSTITUTE FOR PRESERVING CULTURAL MONUMENTS AND NATIONAL MUSEUM
92 000 STIP MACEDONIA


УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - БЕЗИСТЕН ART GALLERY - BEZISTEN